


НАЈОСТРА ОСУДА НА РАСИЗМОТ И АНТИМАКЕДОНИЗМОТ НА ГРЧКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

Светскиот Македонски Конгрес (СМК) најостро ја осудува расистичка и антимакедонска реторика на Грчката православна црква на протестот во градот Егио на Пелопонез со пароли “Македонија е грчка” и барање “зборот Македонија да не се содржи во името на државата Македонија“!

СМК го отфла расизмот и антимакедонизмот како догма на Грчката Православна Црква.

Бог е таму каде што има љубов! Таму каде што владее омразата, таму е Сатаната!

Тоа што Македонците се етнос, а Грк значи вера, не е вина на Македонија, туку на Европа, која ја создаде “Елада“ во 1821 година, заради излез на Средоземното Море.

СМК изразува очекување Македонската Православна Црква да го крене гласот за одбрана на името на државата и идентитетот на нацијата, наместо да ја бара Бугарската за Црква Мајка, иако за Софија, Македонија е дел од Бугарија, Македонците се Бугари, а Македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот јазик, исто како што за Грција, Македонија е грчка, а Македонскиот народ, Македонскиот јазик и Македонската Црква не постојат!

И покрај се’ и после се’, Македонците, макар и еднострано, декларираат дека: Културата и историјата на Македонија не се ексклузивно право, туку дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички

нации во чијашто основа е маекдонскиот етнос, независно од разликите во читањето на историјата од аспект на актуелната геополитика, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазици како производ на современите политички нации!

СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС